Број на Службен весник:30/2026

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 16 ставови (2) и (3) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22, 199/23, 236/23, 263/23, 30/24, 74/24 и 170/24) и член 63 точка 7 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.25/00, 96/00, 50/01, 11/02, 31/03, 84/05, 37/06, 18/07, 36/07, 82/08, 98/08, 6/09, 67/09, 50/10, 156/10, 53/11, 26/12, 16/13, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/15, 61/15, 98/15, 129/15, 150/15, 154/15, 192/15, 217/15, 27/16, 37/16, 120/16, 142/16 и 171/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 77/21, 285/21, 60/23, 154/23, 209/23, 144/25 и 154/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 10 февруари 2026 година, донесе

# ПРОГРАМА ЗА ПАРТИЦИПАЦИЈА ПРИ КОРИСТЕЊЕТО НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ОДДЕЛНИ ЗАБОЛУВАЊА НА ГРАЃАНИТЕ И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА РОДИЛКИТЕ И ДОЕНЧИЊАТА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2026 ГОДИНА

Заради обезбедување на здравствена заштита на граѓаните од одделни заболувања, како и заради грижа во чувањето, следењето и унапредувањето на здравјето на родилките и на доенчињата се обезбедуваат средства за партиципација при користењето на здравствените услуги на товар на средствата од Буџетот на Република Северна Македонија и од сопствени приходи на Министерството за здравство.

За реализација на мерките и активностите предвидени во оваа програма, се обезбедуваат средства од Буџетот на Република Северна Македонија и од сопствени приходи на Министерството за здравство, за покривање на партиципацијата при користењето на здравствена заштита на граѓаните на Република Северна Македонија за заболувањата предвидени со оваа програмата.

Со донесувањето на оваа програма, се обезбедуваат средства за партиципација при користењето на здравствената заштита:

1. НА РОДИЛКИТЕ И ДОЕНЧИЊАТА ДО 1-ГОДИШНА ВОЗРАСТ, ЗА СЛЕДНИТЕ ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ:

- интрапартална заштита на родилки (неоперативно и оперативно породување);
- специјалистички лекарски прегледи на доенчиња;
- ортопедски лекарски преглед со ЕХО на доенчиња и
- лекување на доенчиња до една година во болнички услови.

2. НА ЛИЦАТА КОИ СЕ ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРАНИ, БЕЗ ОГЛЕД НА ВОЗРАСТА, ДОКОЛКУ НЕ СЕ ОПФАТЕНИ СО ДРУГА ПРОГРАМА ИМ СЕ ОБЕЗБЕДУВААТ СРЕДСТВА ЗА ПАРТИЦИПАЦИЈА ПРИ КОРИСТЕЊЕТО НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ВО ВРСКА СО ЛЕКУВАЊЕТО НА СЛЕДНИТЕ ЗАБОЛУВАЊА:

1. Ревматска грозница;

2. Прогресивни, нервни и мускуларни заболувања;

- Duchenne – мускулна дистрофија,
- Паркинсонова болест,
- Миотгонии,
- Митохондриални мниопатии,
- Мијастении,
- Спинални мускулни атрофии,
- Амиотрофична латерална склероза – болести на моторен неврон, - Хередитарни сензомоторни невропатии.

3. Прогресивна системска склероза (Sclerodermia);

4. Церебрална парализа;

5. Мултиплекс склероза;

6. Цистични фибрози;

7. Епилепсија;

8. Пемфигус и лупус еритематодес;

9. Дислексија, дисграфија и дислалија;

10. Афонија (Aphonija);

11. Заразни болести:

- ХИВ/СИДА,
- беснило (Lyssa; Rabies),
- цревен тифус (Typhus abdominalis),
- црвенка (Rubeola),
- детска парализа (Poliomyelitis anteror acuta),
- бруцелоза (Brucellosis)

- дифтерија (Diphtheria),
- дизентерија (Dysenteria bacillaris),
- туберкулоза (Tuberculosis)
- ехинококоза (Echinococcosis),
- заразно воспаление на мозочните обвивки (Meningitis),
- заразно воспаление на мозокот (Encephalitis),
- голема кашлица (Pertussis),
- мали сипаници (Morbilli),
- овчи сипаници (Varicella),
- шарлах (Scarlatina),
- тетанус (Tetanus),
- хепатитис (Hepatitis),
- заушки (Parotitis epidemica),
- салмонелоза (Salmonellosis),
- колера (Cholera asiatica),
- маларија (Malaria),
- карантински заболувања (големи сипаници, вирусни хеморагични трески, чума),
- рововска грозница (Q – treska).

12. Испитувања за време на бременост:

- здравствени услуги за бремени жени поврзани со бременоста, на сите нивоа на здравствена заштита.

13. Ослободување од партиципација на жртвите од семејно насилство и сите форми на родово базирано насилство и

14. Ослободување од партиципација за лекувањето и рехабилитацијата на повредените од пожарот во дискотеката „Пулс - Кочани”.

3. НА БОЛНИ СО ХРОНИЧНА БУБРЕЖНА ИНСУФИЦИЕНЦИЈА И НИВНО ТРЕТИРАЊЕ СО ДИЈАЛИЗА

Основен критериум за започнување на лекувањето со дијализа претставува хроничната бубрежна инсуфициенција во терминален стадиум, односно потполно отсуство на функцијата на бубрезите. Единствен начин на надоместување на функцијата на бубрезите претставува дијализата, процес со кој се врши намалување на деградационите продукти (депурација и елиминација на вишокот на вода) од крвта, со цел овозможување живот на пациентот.

Како модалитети на бубрежна заместителна терапија се користат хемодијализата и хемодијафилтрација, перитонеланата дијализа и трансплантацијата на бубрег.

А. Согласно доктринарните ставови на медицинската наука, за успешно лекување на болните со хронична бубрежна инсуфициенција и нивното оспособување за вршење на секојдневните активности, оптимално секој пациент треба да биде три пати неделно третиран со хемодијализа и хемодијафилтрација, односно потребни се 156 дијализи за еден пациент годишно. За секоја дијализа потребен е: еден дијализер (се користи еднократно), потрошен материјал, лекови за процесот на дијализа и материјални трошоци. Исто така потребни се и редовни лабораториски анализи и дијагностички испитувања, кои се пропишани со нормите и стандардите за водење на хемодијализата и хемодијафилтрација.

Пациентите се лекуваат со хемодијализа и хемодијафилтрација (амбулантски) во дијализните центри во Република Северна Македонија и тоа: ЈЗУ ГОБ „8-ми Септември" Скопје, ЈЗУ Клиника за нефрологија Скопје, ПЗУ Специјална болница за нефрологија и хемодијализа Диамед Скопје, ПЗУ - Центар за дијализа Диамед Македонија и ПЗУ- Центар за дијализа Систина Нефроплус Кавадарци, Завод за нефрологија - Струга.

За пресметување на вкупните средства кои се потребни за партиципацијата за сите пациенти кои се на хемодијализен и хемодијафилтрација третман, потребно е да се пресмета просечната цена на чинење на еднократна хемодијализа и хемодијафилтрација која варира во зависност од видот на дијализата и здравствената состојба на пациентот.

По ова програма, за болните со хронична бубрежна инсуфициенција и нивно третирање со хемодијализа и хемодијафилтрација се признава 1 (еден) денар.

Б. Перитонеалната дијализа претставува модалитет на хронично дијализно лекување кое се изведува во домашни услови. Пациентите се регрутираат, започнуваат со перитонеална дијализа и се следат амбулантски на Клиниката за нефрологија. Постојат два вида на перитонеална дијализа и тоа: Континуирана амбулаторна перитонеална дијализа (КАПД) и Автоматизирана перитонеална дијализа (АПД). За секоја перитонеална дијализа потребен е потрошен материјал, лекови за процесот на дијализа и материјални трошоци. Исто така потребни се и редовни лабораториски анализи и дијагностички испитувања, кои се пропишани со нормите и стандардите за водење на перитонеалната дијализа. На Клиниката за нефрологија се лекуваат до 30 пациенти годишно.

За пресметување на вкупните средства кои се потребни за партиципацијата за сите пациенти кои се на дијализен третман, потребно е да се пресмета просечната цена на чинење на еднократна дијализа која варира во зависност од видот на дијализата и здравствената состојба на пациентот.

По ова програма, за болните со хронична бубрежна инсуфициенција и нивно третирање со дијализа се признава 1 (еден) денар.

## 4. ТРАНСПЛАНТАЦИЈА НА ОРГАНИ

Планот и програмата за работа на Универзитетските клиники во Скопје, а почитувајќи ги просторните и кадровските можности и ограничувања, бројот на трансплантациите зависи и од обезбедување на бубрези кои би можеле да се трансплантираат од жив донор или со кадаверична трансплантација.

За успешноста на трансплантацијата покрај кадровските, просторните и техничките можности, потребно е да се обезбедат и имуносупресивни лекови кои ќе го спречат процесот на отфрлање на трансплантатот – Micophenolic acid, Cyclosporine. Истите се примаат во континуитет во понатамошниот период.

Трансплантација на бубрези се врши на Универзитетската клиника за урологија во соработка со Универзитетската клиника за нефрологија и други клиники, а по претходна типизација на ткивата на давателот и примателот во Републичкиот завод за трансфузиологија. Посттрансплантациониот рехабилитационен третман ќе се обавува на Клиниката за нефрологија.

Во 2026 година планирано е да се извршат нови пресадувања на коскена срцевина. Трансплантацијата на коскената срцевина ќе се врши на Универзитетската клиника за хематологија. За успешноста на трансплантацијата на коскена срцевина за сите болни, потребно е да се обезбеди имуносупресивниот лек Cyclosporin.

Осигурените лица правата од здравствената заштита ги остваруваат врз основа на своето здравствено осигурување согласно Законот за здравственото осигурување. Секој што доброволно дарувал или примил ткиво или орган се ослободува од плаќање на партиципација при користењето на здравствени услуги.

Како доказ за ослободување, осигуреникот треба да приложи документ од установата каде дарувал или примил ткиво или орган.

За прифаќање на трансплантатот се користат следните лекови: Caps. Micophenolic acid а 250mg., filmtableti od 500mg., tabl. od 180mg, 360mg, како i Caps. Cyclosporine а 25mg., 50mg, 100mg., sol. Ciclosporin а 100mg/1ml.

## 5. МАЛИГНИ ЗАБОЛУВАЊА

Малигните заболувања претставуваат многу сериозен здравствен, социјален и економски проблем заради тежината на заболувањето, должината на лекувањето, долготрајната неспособност за работа како и лошата прогноза. Во Република Северна Македонија, малигните заболувања се на второ место по застапеност веднаш по кардиоваскуларните болести.

Во лекувањето на заболените од малигни болести учествуваат Институтот за онкологија и радиотерапија, Клиниката за хематологија, Клиниката за детски болести, Хируршките клиники и други здравствени установи во Република Северна Македонија. Здравствената заштита се состои од рано откривање и ефикасно лекување на заболените.

Програмата опфаќа лекување на малигните болести со хируршки третман, зрачење, апликација на хемиотерапија (цитостатици), дијагностички процедури поврзани со болеста и сите контролни прегледи поврзани со примарното малигно заболување. Видот и начинот на третманот зависи од природата и стадиумот на болеста.

Со оваа програма се обезбедуваат средства за партиципација за осигурените лица, а осигурените лица правата од здравствената заштита ги остваруваат врз основа на своето здравствено осигурување.

6. ШЕЌЕРНА БОЛЕСТ - ДИАБЕТЕС МЕЛИТУС

Диабетес мелитус е метаболен синдром на висок шеќер во крвта, како резултат на апсолутен или релативен недостаток на инсулин и/или инсулинска резистенција со пореметен метаболизам на јаглени хидрати, масти и протеини и претставува едно од почестите заболувања во Републиката. Примарно се карактеризира со хипергликемија, како и појава на микроваскуларни (ретинопатија, нефропатија и невропатија) и макроваскуларни компликации (коронарна срцева болест, цереброваскуларна болест и периферна васкуларна болест), со зголемен морталитет и морбидитет и со намален квалитет на живот.

Истовремено се напоменува дека за секој инсулино-зависник пациент потребно е на секои два месеци да се врши по еден специјалистички контролен преглед или годишно шест прегледи по пациент.

7. ХОРМОН ЗА РАСТ

Хормонот за раст се користи кај децата, кај коишто е пореметен процесот на растење пред се заради недостаток на овој хормон, Тарнеровиот синдром, хронична бубрежна инсуфициенција и Прадер Вили синдром. Со неговата употреба се воспоставува рамнотежа на сите функции во организмот.

Во Република Северна Македонија годишно околу 105 деца имаат потреба од хормонска терапија. Вкупната бројка на деца кои примаат хормон за раст се определува врз медицински критериуми. Хормонот за раст се користи за децата кај кои не е завршено затворање на епифизните рскавици.

Децата се третираат на Клиниката за детски болести во Скопје. За лекување на децата се користат пенкала од 5, 8, 10, 12, 15 mg (Norditropin, Genotropin, Omnitrope и Saizen).

8. ХЕМОФИЛИЈА

Хемофилија А и хемофилија Б се наследни заболувања кои настануваат заради неспособноста на организмот да создава фактори на коагулација VIII или IX во доволни количини. Неспособноста на организмот за создавање на овие фактори предизвикува крварења од микро и макротрауми кои не можат да се сопрат освен со употреба на заместителна терапија, така да доколку овие болни адекватно и навремено не се лекуваат, кај нив можат да настанат сериозни компликации.

Третманот на лицата со хемофилија се врши во ЈЗУ Институт за трансфузиона медицина - Скопје, ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести - Скопје, ЈЗУ Универзитетска клиника по хируршки болести „Свети Наум Охридски“ - Скопје и ЈЗУ Универзитетска клиника за хематологија - Скопје. Европската и светската асоцијација на лицата со хемофилија препорачуваат лекување со концентрати на коагулациски фактор VIII или IX. Употребата на концентрати на коагулациски фактор VIII или IX е неопходна во лекувањето на овие болни заради минимизирање на ризикот

од трансмисија на вируси и поефикасно лекување на болните. Со тоа се намалуваат трошоците за болничко лекување, последиците кај болните во однос на инвалидитет и се зголемува можноста за нивно вклучување во секојдневниот живот.

Покрај активностите на лекувањето на пациентите со хемофилија, потребен е и интегративен и сеопфатен пристап, со цел подобрување на состојбата на пациентите преку рано препознавање и навремено лекување на овие пациенти, едукација на нивните семејства и др. За таа цел Центарот за хемофилија при Институтот за трансфузиона медицина заедно со граѓанските здруженија ги прошири активностите и прерасна во центар за сеопфатна грижа.

Превенција на компликации кај лицата со хемофилија во Република Северна Македонија се спроведува со редовни (6-12 месечни) контролни прегледи и континуирана едукација на медицинскиот персонал и лицата со хемофилија, како и членовите на нивните семејства.

Превентивните прегледи кај лицата со хемофилија се:

- контрола на присуство на вирусни маркери - a-HIV, a-HCV и HBsAg;
- определување на нивото на коагулациските фактори; - определување на присуство на инхибитори и - хепатални иследувања.

Потребно е продолжување на континуираната медицинска едукацијата на медицинскиот персонал кој е вработен во Центарот за хемофилија, и зајакнување на соработката помеѓу Центарот за хемофилија и граѓанските здруженија на лицата со хемофилија.

## 9. ПРЕГЛЕДИ ВО СЛУЖБИ ЗА СПОРТСКА МЕДИЦИНА

Во Програмата се планира ослободување од партиципација за основен пакет прегледи во службите за спортска медицина (партиципацијата е 80,00 ден.), за млади лица на возраст од 14-29 години кои ќе се занимаваат со рекреативни спортски активности.

Прегледите ќе се реализираат со упат од матичен лекар, во служби за спортска медицина и тоа:

1. Здравствен дом Скопје
2. Медицински факултет при Универзитетот ,,Свети Кирил и Методиј” - Скопје
3. Здравствен дом Гостивар
4. Здравствен дом Прилеп
5. Здравствен дом Битола
6. Здравствен дом Струга
7. Здравствен дом Кавадарци 8. Здравствен дом Струмица.

Целта на ослободувањето на партиципација на прегледи во служби за спортска медицина е да се подигне свесноста кај младите дека прегледите на спортска медицина се подеднакво важни за заштита на здравјето како и самата спортска рекреативна активност.

Согласно резултатите од прегледите, младите мора да ги следат препораките на лекарите за тоа кој вид на спортска активност им одговара според здравствената состојба и физичката подготвеност, со цел да ги почувствуваат здравствените придобивки од спортската рекреација.

10. ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПАРТИЦИПАЦИЈА НА ПАЦИЕНТИТЕ СО ВГРАДЕН ПОМОШЕН УРЕД ЗА ПОДДРШКА НА СРЦЕВАТА РАБОТА

Планот и програмата за хируршки третман на пациентите со напредна срцева слабост се изведува на ЈЗУ клиника за Кардиохирургија, во рамки на постоечките просторни и кадровски можности и ограничувања, а бројот на годишно изведени интервенции прогресивно расте изминатите пет години правопропорционално со морбидитетот на срцевата слабост на светско ниво и во нашата држава.

Дополнително, кај пациентите кои се на национална листа за трансплантација на срце, а се со влошена состојба, неопходно е да се имплантира срцев уред кој е единствен третман за премостување до трансплантација (bridge to transplant).

Кај останатите пациенти кои не исполнуваат критериуми за листа на трансплантација, а исполнуваат критериуми за долгорочен третман со механичка циркулаторна поддршка, овој уред претставува доживотен третман (destination therapy).

За успешноста на третманот, покрај кадровските, просторните и техничките можности, потребно е да се обезбедат и лекови и дополнителни медицински услуги (редовни кардиолошки прегледи, лабораториски анализи, микробиолошки анализи, здравствени услуги од областа на гастроентерохепатологија, имунологија, радиодијагностика). Истите се користат во континуитет во понатамошниот период.

Трошоците околу подготовките на пациентите и самата хируршка интервенција се покриени од Фондот за здравствено осигурување на државата (ФЗОМ), а осигурените лица правата од здравствена заштита ги остваруваат врз основа на своето здравствено осигурување. За потребните контролни и редовни иследувања кај пациентите со имплантиран механички уред (LVAD- left ventricular assist device, RVAD- right ventricular assist device и BiVAD- Bi ventricular assist device) се ослободуваат од партиципација по приложен документ (потврда) од ЈЗУ УК Државна кардиохирургија.

11. ПОТРЕБНИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

1. За здравствена заштита на родилките и доенчиња до 1-на годишна возраст, по точка

1. од оваа програма, потребни се средства за:

| 1. Интрапартална заштита на родилки | денари |
|---|---|
| а) неоперативно породување – x 1.250,00 денари<br>б) оперативно породување-царски рез – x 3.200,00 | 6.000.000,00<br>8.000.000,00 |

| | |
|---|---|
| 2. Специјалистички лекарски прегледи на доенчиња до 1 година - x 40,00 денари | 500.000,00 |
| 3. Лекарски ортопедски преглед со ЕХО на доенчиња до 1 година – x 40,00 денари | 500.000,00 |
| 4. Лекување на доенчиња до една година во болнички услови | 6.000.000,00 |
| Вкупно: | 21.000.000,00 |

2. За лекување во врска со наведените заболувања од точка 2. од оваа програма, потребни се средства за:

| | |
|---|---|
| 1. Специјалистички лекарски преглед - x 40,00 денари | 2.000.000,00 |
| 2. Основни дијагностички испитувања:<br>- лабораторија ЛУ 1<br>- рендген | <br>600.000,00<br>400.000,00 |
| 3. Лекување во болнички услови | 11.000.000,00 |
| 4. Здравствени услуги за бремени жени поврзани со бременоста, на сите нивоа на здравствена заштита | 18.000.000,00 |
| Вкупно: | 32.000.000,00 |

3. За болни со хронична бубрежна инсуфициенција и нивно третирање со дијализа од точка 3. од оваа програма, потребни се средства за:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Партиципација за осигурени лица кои се третираат со дијализа - x 1,00 денар | 300.000,00 |
| | Вкупно: | 300.000,00 |

4. За трансплантација на органи од точка 4. од оваа програма, потребни се средства за:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Партиципација за трансплантација | 6.000.000,00 |
| | Вкупно: | 6.000.000,00 |

5. За малигни заболувања од точка 5. од оваа програма, потребни се средства за:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Партиципација за осигурени лица (лекување и контролни прегледи)<br>- x 6.000,00 денари максимум | 55.000.000,00 |
| | Вкупно: | 55.000.000,00 |

6. За шеќерна болест – диабетес мелитус од точка 6. од оваа програма, потребни се средства за:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Партиципација за специјалистички контролни прегледи x 40,00 денари | 400.000,00 |
| | Вкупно: | 400.000,00 |

7. За хормон за раст од точка 7. од оваа програма, потребни се средства за:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Партиципација за осигурени 105 лица | 700.000,00 |
| | Вкупно: | 700.000,00 |

8. За хемофилија од точка 8. од оваа програма, потребни се средства за:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Партиципација за осигурени лица x 5.960,00 денари | 2.200.000,00 |
| 2. | За секундарна и терцијарна превенција на хемофилија | 800.000,00 |
| | Вкупно годишно за хемофилијата се потребни | 3.000.000,00 |

9. За прегледи во служби за спортска медицина од точка 9. од оваа програма, потребни се средства за:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Партиципација за прегледи во служби за спортска медицина ( за млади лица од 14-29 години) x 80,00 денари | 700.000,00 |
| | Вкупно: | 700.000,00 |

10. За вграден помошен уред за поддршка на срцевата работа од точка 10. од оваа програма, потребни се средства за:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Ослободување од партиципација на пациентите со вграден помошен уред за поддршка на срцевата работа - x 6.000,00 денари максимум | 900.000,00 |
| | Вкупно: | 900.000,00 |

За точките 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9 и 10 од оваа програма, потребни се вкупно 120.000.000,00 денари од Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година и тоа: основниот Буџет 120.000.000,00 денари.

Вкупно потребни средства за реализирање на оваа програма се 120.000.000,00 денари за партиципација на осигурените лица во врска со лекувањето на одделни заболувања, породувањата и здравствената заштита на доенчињата.

Средствата предвидени за партиципација во оваа програма, Министерството за здравство ги дозначува до јавните здравствени установи, согласно планираните средства утврдени во табелите поединечно по основ на сите услуги на здравствена заштита врз основа на фактички документирана евиденција за ослободување од партиципација на корисниците на здравствените услуги за основите наведени во оваа програма.

Во Програмата предвидени се средства за неизмирени обврски по основ на остварени права, согласно Програмата за партиципација при користењето на здравствена заштита на одделни заболувања на граѓаните и здравствена заштита на родилките и доенчињата во Република Северна Македонија за 2023 година, Програмата за партиципација при користењето на здравствена заштита на одделни заболувања на граѓаните и здравствена заштита на родилките и доенчињата во Република Северна Македонија за 2024 година и Програмата за партиципација при користењето на здравствена заштита на одделни заболувања на граѓаните и здравствена заштита на родилките и доенчињата во Република Северна Македонија за 2025 година, средства кои  ќе се измират согласно обезбедените средства за реализација на оваа програма.

Здравствените установи имаат обврска најдоцна до 25 јануари 2027 година, да доставаат до Министерството за здравство извештаи за реализацијата на средствата и наменското користење на истите.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| | Претседател на комисија и заменик на претседателот |
| Бр. 57-1467/3 | на Владата на Република |
| 10 февруари 2026 година | Северна Македонија, |
| Скопје | **Љупчо Димовски,** с.р. |